ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ДЕХИ ТРАНС
БР. 02 - 154/1
27.12. 2023 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

# Годишен план за работа и развој на ЈП Дехи Транс Демир Хисар

## 1. План за Работа

- Својата дејност јавното претпријатие ја врши со 1 именувано лице (директор) и 5 работници на неопределено време , од кои 1 работоводител и 4 професионални возачи,
- ЈП Дехи Транс Демир Хисар и во наредната 2024 продолжува со неговата главна активност , а тоа е обезбедување превоз на сите ученици од територијата на Општина Демир Хисар,
- Продолжуваме и со превоз на ученици од Општина Демир Хисар кои посетуваат средно образование во Општина Битола
- Во соработка со Општина Демир Хисар продолжуваме и со проектот за бесплатен превоз до и од руралните средини на територијата на општината во текот на летниот период,
- Во периодот кога автобусите не се зафатени со вршење на главната дејност а тоа е обезедување на превоз на ученици, планираме да продолжиме со обезбедување на превоз на групи на патници во рамките на државата.
- Продолжува соработката со "Фалко" за превоз на вработените од населените места до седиштето во с. Слепче .
- Истовремено остануваме посветени да му излезиме во пресрет на КУД ИЛИНДЕН, ФК Демир Хисар, ФК Младост Полет, Пензионерското друштво и сите останати здруженија на територија на Демир Хисар во нивните потреби за превоз .

## 2 .План за развој на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар

- Доколку дозволат условите за работа, во план е аплицирање за меѓународна лиценца за вршење на сообраќај, со што би овозможило проширување на дејноста во периодот кога автобусите не се зафатени со вршење на главната дејност а тоа е обезедување на превоз на ученици.
- Во соработка со Општина Демир Хисар планирано е и овозможување на превоз на поголеми групи на туристи кои би изразиле интерес за посета на знаменитостите на Демир Хисар.
- Доколку се појави потреба сезонски би ангажирале дополнителен број на возачи за потребите на претпријатието, со оглед на тоа што на располагање освен минибусите поседуваме и дополнително патничко возило. Средствата би се обезбедиле од конто 44901-трошоци за договор на дело од оваа програма.
- Се појавува потреба во 2024 година да се реализира вработување на еден административен службеник-Советник за административно-правни работи и управување со човечки ресурси, а средствата би биле обезбедеби од конто 42100-нето плати од оваа програма.

## 3. Финансиски план

### Очекувани ПРИХОДИ за 2024 година

| Конто | % | Опис | Износ |
|---|---|---|---|
| 74001 | 5% | Приход од транспортна услуга-превоз на патници и ученици | 5.700.000,00 ден. |
| 7799 | | Останати финансиски приходи | 20.000,00 ден. |
| Вкупно приходи: | | | 5.720.000.00 ден. |

### Очекувани расходи за 2024 година

| Конто | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 4000 | Основен материјал | 22.000,00 ден. |
| 4010 | Канцелариски материјал | 3.000,00 ден. |
| 4032 | Гориво за моторни возила | 1.100.000,00 ден. |
| 4050 | Материјали и резервни делови за транспортни сре. | 200.00,00 ден. |
| 4136 | Услуги за сервис и одржување на транспортни сре. | 33.000,00 ден. |
| 4190 | Регистрација на возила-техн, прегледи и сл. | 31.500,00 ден. |
| 4199 | Останати услуги – огласи, јавни набавки | 43.326,00 ден. |
| 4406 | Патарини, паркинг и сл. | 10.000,00 ден. |
| 4419 | Останати надоместоци на враб. Подароци и сл. | 162.216,00 ден. |
| 4440 | Трошоци за репрезентација | 50.000,00 ден. |
| 4451 | Премии за осигурување на трансп. средства | 74.000,00 ден. |
| 4460 | Банкарски услуги | 46.470,00 ден. |
| 42029 | Придонеси од плата | 1.050.131,00 ден. |
| 42100 | Нето плати | 2.114.448,00 ден. |
| 43021 | Амортизација на транспортни средства | 356.844,00 ден. |
| 4223 | Регрес за годишен одмор | 133.332,00 ден. |
| 4420 | Надоместок на управен и надзоред одбор | 50.109,00 ден. |
| 44792 | Административни такси | 11.976,00 ден. |
| 4490 | Трошоци за сметководство | 60.000,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| **44901** | Трошоци за договор на дело | 22.556,0 ден. |
| | **Вкупно расходи** | **5.584.908,00 ден.** |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Од горенаведените податоци за овај период се гледа дека се очекува позитивен финансиски резулат добивка пред одданочување во износ од 135.092,00 ден**

**ЈП Дехи Транс Демир Хисар**

**Директор**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ДЕХИ ТРАНС * ДЕМИР ХИСАР *